За оценувањето да биде праведно и одмерено, во табелите се дадени индикаторите за нивоата по подрачја и потподрачја за VI одделение по предметот ***македонски јазик***. Ги изработи наставничката по македонски јазик, а според наставната програма и стандардите за VI одделение, пропишани од МОН и БРО на РМ.

**ЛЕГЕНДА**

| НИВО | ОБЈАСНУВАЊЕ | ОЦЕНКА |
|---|---|---|
| 1 ниво | ПОМНИ | ДОВОЛЕН (2) |
| 2 ниво | РАЗБИРА | ДОБАР (3) |
| 3 ниво | ПРИМЕНУВА | МНОГУ ДОБАР (4) |
| 4 ниво | АНАЛИЗИРА | ОДЛИЧЕН (5) |

# *Македонски јазик за VI одделение*

**Индикатори за подрачјето ЛИТЕРАТУРА**

| ниво | текст | лирика | епика | драма |
|---|---|---|---|---|
| **1 ниво ПОМНИ (0ценка 2)** | • Именува народен и уметнички текст;<br>• Разликува уметнички текст од други видови текстови;<br>• Разликува лирски, епски и драмски текст; | • Ги препознава видовите лирски песни според мотивите;<br>• Ги разликува стилските фигури; | • Разликува вид расказ според темата;<br>• Разликува раскажувачка форма во прво и трето лице; | • Ги препознава дијалозите и монолозите во извадоците од драмски текст; |
| **2 ниво РАЗБИРА (оценка 3)** | • Објаснува елементи на уметнички текст;<br>• Дефинира разлики меѓу народен и уметнички текст;<br>• Дискутира за особините на лирски, епски и драмски творби; | • Дискутира за мотиви во лирски песни;<br>• Објаснува стилски фигури; | • Прераскажува прозни текстови; | • Објаснува карактеристики на драмскиот текст; |
| **3 ниво ПРИМЕНУВА (оценка 4)** | • интерпретира текстови од секаков тип<br>• применува карактеристики на лириката, епиката и драмата во личното творење; | • Користи визуелни и аудитивни еле-менти;<br>• Користи знаења за лирски песни при творење;<br>• Применува знаења за стилски фигури при творење; | • Раскажува епска творба со промена на лице;<br>• Применува епски карактеристики во личното творење; | • Драматизира текст следејќи ги карактеристиките на драмата; |
| **4 ниво АНАЛИЗИРА** | • Дебатира за лирски ,епски и драмски текстови. | • Анализира лирска песна. | • Анализира содржина на прозна творба. | • Изведува драмски текст |

## Индикатори за подрачјето ЈАЗИК

| ниво | историја и дијалектологија | фонетика и фонологија | морфологија | синтакса | речник и стил | правопис и интерпункција |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 ниво **ПОМНИ** (0ценка 2) | • Го знае потеклото на македонскиот јазик; | • Набројува самогласки и согласки;<br>• Покажува точно акцентирани зборови;<br>• Разликува правилна поделба на зборовите на слогови;<br>• Разликува слоговно и неслоговно /р/; | • Ги препознава видовите зборови ;<br>• Ги разликува видовите именки;<br>• Ја разликува глаголската именка од другите видови именки;<br>• Препознава подгрупи на именките;<br>• Наведува граматички категории кај глаголот;<br>• Го препознава исказниот, можниот и заповедниот начин;<br>• Препознава придавки според видот<br>• Препознава заменки според видот; | • Разликува главни членови на реченицата;<br>• Разликува проста и сложена реченица; | • Го разликува основното и преносното значење на зборовите;<br>• Препознава хомоними, синоними и пароними; | • Го знае значењето на скратениците;<br>• Регистрира употреба на правописни знаци; |
| 2 ниво **РАЗБИРА** (оценка 3) | • Ги препознава глаголското и кирилското писмо (на факсимил). | • Дава примери за испуштање и редување на гласовите во зборовите;<br>• Дава примери за поделба на зборовите на слогови;<br>• Поврзува звучни и безвучни парници;<br>• Проценува точно акцентирани зборови; | • Ги категоризира придавките и заменките според видот;<br>• Дава примери за граматички категории кај глаголите и именките;<br>• Објаснува граматички категории кај заменките; | • Дава примери за проста и сложена реченица;<br>• Објаснува функција на подмет и прирок; | • Го објаснува преносното значење на зборовите; | • Препознава слеано и разделено пишување на зборовите и правописните знаци; |
| 3 ниво **ПРИМЕНУВА** (оценка 4) | XXXXXXX | • Ги дели зборовите на слогови за одредување акцент;<br>• Покажува носители на слогови во зборот;<br>• Прави двојки од зборови со менување на согласките во зборот; | • Ги применува глаголите како видови зборови;<br>• Користи придавки на соодветен начин во реченици;<br>• Покажува граматички категории кај именките;<br>• Применува членување на именки;<br>• Применува прилошки определби во изразувањето. | • Менува реченици од еден во друг вид; | • Применува зборови во нивното основно и преносно значење. | • Ги применува правилата за слеано пишување на зборовите;<br>• Правилно ги применува скратениците во писменото изразување; |
| 4 ниво **АНАЛИЗИРА** (оценка 5 | XXXXXXX | • Групира гласови за создавање нов збор;<br>• Конструира повеќесложни зборови за одредување на акцентот. | • споредува различни видови зборови;<br>• споредува начин кај глаголот;<br>• одбира соодветни глаголи по вид. | • Анализира прости и сложени реченици;<br>• Трансформира прости во сложени реченици;<br>• Трансформира прости и сложени реченици;<br>• Конструира реченици по даден подмет и прирок. | • Наведува синоними, хомоними и пароними. | • Разграничува употреба на интерпункциски и правописни знаци според видот на реченицата и јазичната ситуација. |

## Индикатори за подрачјето ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ

| ниво | нарација | дескрипција |
|---|---|---|
| **1 ниво ПОМНИ (0ценка 2)** | • Дава примери за јасни и логични прашања и одговори;<br>• Дава примери за раскажување, прераскажува-ње, опишување и известување;<br>• Пишува состав за лични доживувања;<br>• Разликува раскажување и прераскажување; | • Препознава описи, ликови, предмети, пејзажи; |
| **2 ниво РАЗБИРА (оценка 3)** | • Поврзува зборови во логични реченици;<br>• Објаснува форма на раскажување (прво лице, трето лице и сезнаечки раскажу-вач);<br>• Разликува вест и известување;<br>• Прераскажува по хронолошки ред; | • Опишува лик, личност, пејзаж; |
| **3 ниво ПРИМЕНУВА (оценка 4)** | • Применува логични реченици во изразувањето;<br>• Демонстрира стилски збогатено,хронолошко и ретроспективно раскажување и прераскажување;<br>• Применува форми на раскажување во прво и трето лице; | • Прави пејзаж;<br>• Применува знаења за портретирање на лик и личност;<br>• Пишува известување; |
| **4 ниво АНАЛИЗИРА (оценка 5** | • Издвојува значајни моменти при изразувањето;<br>• Подготвува расказ(самостојно изработен);<br>• Прави избор на јазични средства при творење;<br>• Прави известување со соодветни стилски особини;<br>• Твори лирски творби на дадени теми. | |

## Индикатори за подрачјето МЕДИУМСКА КУЛТУРА

| ниво | медиуми | филм |
|---|---|---|
| **1 ниво ПОМНИ (0ценка 2)** | • Ги именува процесите во создавањето книга; | • Разликува актер и артист; |
| **2 ниво РАЗБИРА (оценка 3)** | • Препознава рубрики во весници и списанија; | • Ја знае улогата на режисерот, актерот, сценографот и костимографот; |
| **3 ниво ПРИМЕНУВА (оценка 4)** | • Ја знае улогата на медиотеката. | • Толкува едукативна улога на научно-популарни филмови. |
| **4 ниво АНАЛИЗИРА (оценка 5** | XXXXXXXX | |